

# ТАЊА БАЛАЋ

BaLać

# Т А Њ А   Б А Л А Ќ

# T A N J A   B A L A C



*Музеј на ӣрад Скоӣје*
*Museum of the City of Skopje*
*2003*

Односот меѓу уметноста и стварноста сè уште претставува еден од најкомплексните проблеми со кои се соочува уметникот при воспоставувањето на својот уметнички кодекс. Она што критичарите обично го формулираат како "уметнички израз" (особено во сликарството) всушност е тесно поврзано со начинот на кој уметникот се обидува да го воспостави тој однос меѓу своето дело и сè она што е надвор од уметничкото дело.

Наспроти класичниот миметички пристап кон уметноста уметниците често го одбираат целосното издвојување и изолирање на сопствената ликовна реалност од останатата реалност (обид специфичен за целиот модернистички пристап кон ликовната уметност). Таквиот обид како однапред да бил осуден на неуспех поради закотвеноста на уметникот и уметничкото дело во истата таа реалност од која сакал да се изолира.

Во сликарството на Тања Балаќ овие прашања како повторно да ни се наметнуваат и да ни ја откриваат својата релевантност и денес кога многу од медиумските проблеми на сликарството звучат застарено. Ако тргнеме од претпоставката дека главните две тенденции при воспоставувањето на односот меѓу уметноста и стварноста се фигуративниот и апстрактниот третман во изведувањето на уметничкото дело, уште тука се соочуваме со еден вид амбивалентен пристап кон стварноста присутна во најновите слики на Балаќ.

Иако тешко може да се препознаат одредени фигури или предели во двете серии на слики кои датираат од последниве години (2001-2003) за авторката тие се поврзани со околината во која тие биле сликани.

Менувајќи се со менувањето на местото на живеење амбиентите и колоритите кои ја опкружувале авторката при процесот на сликање индиректно ги промениле и самите слики. Покрај ваквото посредно влијание на амбиентот и неговиот доминантен колорит, во сликите на Тања Балаќ се појавува и еден покомплексен однос меѓу ликовноста и реалноста.

Станува збор за сликата како простор во кој се случува стварноста. Додека онтолошкото разбирање на уметноста како креирана нова стварност не е непознато за историјата на апстрактната уметност, во просторот на сликите на Тања Балаќ се случува еден неочекуван двоен пресврт во симетријата на односот меѓу ликовната и надворешната стварност. Примерот на сликата *Езерска бајка,* 2002, која претставува лирска апстракција која асоцира на охридски пејзаж, но чија сличност со природата не може да се воспостави според дефинирани форми, оваа нарушена симетрија во односот на просторот на сликата со стварниот простор надвор од сликата ја доведува до една чудна меандрична структура.

Горната половина на сликата со своите рељефни текстури кои асоцираат на фрагменти од ѕидови и други архитектонски елементи симулира урбанизирано крајбрежје. Сепак, бидејќи целата композиција е апстрактно симулирана рефлексија, во својот долен дел сликата нè претставува пресликување на рефлексијата од реалноста во насликаната водна површина туку рефлексија на сликата во самата себе.

Сликата се огледува во сопствената површина со што симетријата истовремено станува асиметрија: прашањата што е стварноста на сликата, што е рефлексијата, што е стварно, а што е одраз на стварното, и каде е границата меѓу стварноста и нејзиниот одраз веќе станува неможно да се одреди. Линијата меѓу стварноста и рефлектираната претстава е условна и амбивалентна, детерминирана од самата авторка. Обсервацијата на одредени линии и форми не претставува некоја голема помош при разоткривањето на таа комплексна и фантазмагорична претстава на еден обичен езерски пејзаж..

Поради ваквата игра со разграничувањето на различните нивоа и регистри на стварноста сликарството на Тања Балаќ се наоѓа некаде помеѓу апстрактната и фигуративната уметност. Дури и кога на сликите се појавуваат фигури: чудни издолжени суштества со глави слични на птичји маски, самите фигури нè не потсетуваат на стварни суштества. Слично на Раселовиот парадокс со прашањето за постоењето на пегазот, прашањето за онтолошкиот статус на фигурите во сликарството на Балаќ се одвива во рамките на парадоксалното сфаќање на полето на уметноста: тие фигури не се пресликани од реалноста, не постојат надвор од сликата, но со самото тоа што сликата веќе влегла во реалноста по своето настанување и самите насликани фигури стануваат дел од стварноста. Тие постојат во сликите на Балаќ и со тоа постојат и во стварноста воопшто. Така влијанието на стварноста врз сликарството и влијанието на сликарството врз стварноста неизбежно се испреплетуваат како двете страни на Мебиусовата лента.

На крај се наметнува констатација дека уживањето во создавањето при сликањето е главната мотивација во сликарството на Тања Балаќ.

И кога колоритот е заситен и потемен со пастуозни наноси на зелени и кафени тонови, како во постарата серија слики, и кога станува збор за лесните потези со лазурни и прозрачни белузлави тонови од поновата серија (слики и од двете серии се презентирани на изложбава), токму од неизбежноста на заклучокот дека авторката сликала со единствена сатисфакција во самиот чин на сликање произлегува и заклучокот дека нејзините слики се резултат на континуираната верба во сликарството како можност за конструкција на нова стварност; независно од тоа дали ќе биде апстрактна или фигуративна таа нова стварност се здобива со рамноправен онтолошки статус како и стварноста што нè опкружува.

*Сузана Милевска*

The relation between the art and the reality is still one of the most complex problems the artist meets when establishing her/his art codex. What the critics usually formulate as "artistic expression" (especially referring to painting) is, actually, closely related to the artist's way of establishing that relation between her/his artwork and everything else outside the artwork.

Unlike the classical mimetic approach towards the art, the artists often choose a complete separation and isolation of their own artistic reality from the other reality (an attempt typical for the entire modernistic approach towards the fine art). This attempt seems to have been doomed to fail due to the rootedness of the artist and the artwork in the very same reality she/he wanted to get isolated from.

The painting of Tanja Balak seems to be reopening these questions, by revealing their relevance today, when many of the media problems of the painting sound already obsolete. If we proceed from the assumption that the two main tendencies in establishing the relation between the art and reality are the figurative and the abstract treatment in creating an artwork, in the latest paintings of Balak we encounter a kind of an ambivalent approach towards the reality. Although certain figures and landscapes are not easily discernible in the two series of paintings made in the past two years (2001 - 2003), the artist finds them related to the environment where they have been painted.

By changing herself along with the place of living, the ambiances and the colors that used to surround the artist in the process of painting have indirectly changed the paintings themselves. Together with this mediated influence of the ambiance and its dominant coloring, the paintings of Tanja Balak show a more complex relation between the visual and the real.

The painting is taken as a space where reality happens. While the ontological understanding of the art as a creation of new reality is not unknown to the history of abstract art, in Tanja Balak's paintings we see a sudden double turn in the symmetry of the relation between the artistic and the outer reality. The example with the painting Ezerska Bajka, 2002, which is a lyrical abstraction, an association of the Ohrid landscape, but whose similarity with nature can not be established by definite forms, leads this disturbed symmetry of the relation between the space of the painting and the real space outside the painting to a strange meander-like structure. The upper half of the painting with its relief textures, reminding of fragments of walls shore. Yet, since the entire composition is an abstractly simulated reflection, the lower part of the painting does not show a reflection of the reality in the painted water surface, but a reflection of the painting in itself.

The painting reflects in its own surface, which makes the symmetry become asymmetry: the questions of where is the reality in the painting, what is reflection, what is real and what is the reflection of the real, and where is the line between the reality and its reflection are almost impossible to define. The line between the reality and the reflected representation is conditional and ambivalent, determined by the artist herself. The observation of certain lines and forms does not help much in discerning that complex and phantasmagoric representation of a simple lake landscape.

Because of this play with the definitions of different levels and registers of reality, the painting of Tanja Balak is somewhere between the abstract and figurative art. Even when the paintings show figures, strange, long creatures with heads like bird masks, the figures themselves do not remind of real creatures. Similar to Russell's paradox on the question of the existence of Pegasus, the question of the ontological status of the figures in Balak's paintings is being treated within the paradoxical understanding of the art field: these figures are not a reflection of the reality, they don't exist outside the painting, but the very fact that the painting has entered the reality after its creation makes the painted figures themselves become part of the reality. They exist in the paintings of Balak, and therefore, they exist in reality in general. So, the influence of the reality upon the paintings and the influence of the paintings upon the reality inevitably interlace as the two sides of the Moebius's stripe.

A conclusion, however, arises that the enjoyment of creation while painting is the basic motivation in the paintings of Tanja Balak. Both the saturated and darkened coloring with dense layers of green and brown hues, like in the older series of paintings, and the light strokes of transparent whitish hues, like in the later series of paintings, (both series are shown at this exhibition), lead to the inevitable conclusion that the artist was painting finding the only satisfaction in the very act of painting, as well as the conclusion that her paintings are a result of the continuous faith in the painting as an opportunity for constructing a new reality; regardless of whether it would be abstract or figurative, that new reality acquires equal ontological status as the reality that surrounds us.

*Suzana Milevska*



"Метеж" / "Distrurbance"
масло на платно / oil on canvas, 100 x 100, 2001



"Венеција" / "Venice"
масло на платно / oil on canvas, 100 x 100, 2001



"Продор во бело" / "Penatration Into Whited"
масло на платно / oil on canvas, 54 x 45, 2001



"Наполи" / "Naples"
масло на платно / oil on canvas, 72 x 53, 2001



"Во земјата на чудата" / "In Wonderland"
масло на платно / oil on canvas, 90 x 75, 2003



"Моето дрво" / "My own tree"
масло на платно / oil on canvas, 71 x 85, 2000



"Големата преселба" / "The Great Migration"
масло на платно / oil on canvas, 140 x 100, 2002



"Треперења" / "Shiveing"
масло на платно / oil on canvas, 72 x 60, 2002



"Замрзнат сон" / "Frosty Dream"
масло на платно / oil on canvas, 48 x 53, 2002



"Утро" / "The Dawn"
масло на платно / oil on canvas, 90 x 55, 2003



Пладне" / "The Noon"
масло на платно / oil on canvas, 90 x 50, 2003

*На моето семејство...*

*To my family...*



ТАЊА БАЛАЌ

Родена е на 26.02.1968 во Скопје. Дипломирала 1991 год. на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во класата на професор Ана Темкова, отсек сликарство. Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонијае (ДЛУМ) од 1991 год. Студиски престој во Париз 2003.
Живее и работи во Скопје.

TANJA BALAC

Born on the 26th of February 1968 in Skopje. Graduated in 1991 from the Faculty of Fine Arts in Skopje, at the department of painting in the class of professor Ana Temkova. She is a member of the Association of Fine Art Artists of Macedonia (DLUM) since 1991.
She lives and works in Skopje.
Study visit in Paris, 2003.

**САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ :**

1992 - Скопје - Културно - Информативен - Центар (КИЦ)
Тетово - Дом на Културата
Охрид - Café Gallery – Mazzoforte
1996 - Скопје - Културно - Информативен - Центар (КИЦ)
Кичево - Дом на Културата "Кочо Рацин"
Куманово - Уметничка Галерија
1997 - Скопје - Културно - Информативен - Центар (КИЦ)
(изложба по повод наградата "*Методија Ивановски-Менде,*")
1999 - Скопје - Претставништво на ЈАТ
(Хуманитарна изложба "*За децата од Југославија*" заедно со Љ. Бојаров и В. Радивојевиќ - Бојаров)
2002 - Белград - Галерија "Београд"
Зрењанин - Галерија "Духовни Центар"
Бања Лука - Уметничка Галерија ("*1000 километри долга љубов*")
2003 - Скопје, "Музеј на град Скопје"

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ :**

1991 - Скопје - Традиционална изложба на дипломирани
студенти - Галерија на АРМ
Скопје - "VII Сликарство - Мал формат" - КИЦ
1992 - Скопје - "Нова генерација на ДЛУМ" - Салон ДЛУМ
Скопје - Изложба на слики "Клуб Стефани"
Скопје - "Мајски Мозаик" - КИЦ
Скопје - "VIII Сликарство - Мал формат " - КИЦ
1993 - Скопје - ДЛУМ - ЦРТЕЖ - " Универзитетска библиотека "Климент Охридски "
Скопје - "X Сликарство - Мал формат" - КИЦ
Скопје - "II Зимски Салон" - Уметничка галерија
1994 - Скопје - " ДЛУМ ЦРТЕЖ " - НУБ "Климент Охридски"
1995 - Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ - НУБ "Климент Охридски"
Скопје - XI Сликарство - "Мал формат" - КИЦ
1996 - Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ - НУБ "Климент Охридски"
Скопје - "XII Сликарство - "Мал формат" - КИЦ
Скопје - "Зимски Салон" - Уметничка галерија
Париз - "50 години на Друштвото на Ликовните Уметници на Македонија"
1997 - Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ - НУБ "Климент Охридски"
Скопје - "XIII Сликарство - "Мал формат " - КИЦ
Скопје - "Зимски Салон" - Уметничка галерија
1998 - Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ - НУБ "Климент Охридски "
Скопје - "Зимски Салон" - Уметничка галерија
Скопје - "XIV Сликарство - "Мал формат " - КИЦ
1999 - Скопје - "ПЕЈЗАЖ" - Галерија ДЛУМ
Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ - НУБ "Климент Охридски"
2000 - Скопје - " Зимски Салон " - Музеј на современата уметност
Скопје - " XVI Сликарство - "Мал формат " - КИЦ
Скопје - " Мал Формат " - Галерија на ДЛУМ
Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ " - НУБ "Климент Охридски "
2001 - Скопје - "Ревијална изложба на ДЛУМ" - Музеј на град Скопје
Скопје - "ПЕЈЗАЖ" - Галерија на ДЛУМ
Скопје - "XVII Сликарство - "Мал формат" - КИЦ
Скопје - ДЛУМ ЦРТЕЖ" - НУБ "Климент Охридски"
Варна - Р. Бугарија, Галерија "АРТЕА"
2002 - Скопје - "Зимски Салон" - Музеј на современата уметност
USA – New York OUN - "Современата македонска уметност"
Скопје, XVIII Сликарство - "Мал формат" - КИЦ
Скопје, ДЛУМ ЦРТЕЖ - НУБ "Климент Охридски"
Скопје, "Македонско ликовно творештво - Мал формат" - ДЛУМ
Солун / Р. Грција, 1st INTERBALKAN FORUM OF CONTEMPORARY MINIATURE ART 2002
2003 - Скопје, "Македонски и Украински уметници" - КИЦ
Скопје, "ПЕЈСАЖ" - Галерија ДЛУМ

**НАГРАДИ :**

1992 - Скопје - Награда на изложбата "Жена смбол и инспирација", - Дом на Културата „ Кочо Рацин „
1995 - Скопје - Награда за млад автор "Константин Мазев" на изложбата "Сликарство Мал Формат" - КИЦ
1996 - Скопје - Награда за сликарство "Методија Ивановски - Менде" на изложбата "Сликарство Мал Формат" - КИЦ
2001 - Скопје - Награда за цртеж "Никола Мартиновски" на изложбата "ДЛУМ ЦРТЕЖ" - НУБ "Климент Охридски"
2003 - Скопје - Награда за сликарство на изложбата "ПЕЈЗАЖ" - Галерија на ДЛУМ

**SOLO EXHIBITIONS:**

1992 - Skopje, Cultural Information Center (KIC)
Tetovo, Cultural Center
Ohrid, Cafe Gallery - Mezzoforte
1996 - Skopje, Cultural Information Center (KIC)
Kicevo, Cultural Center "Koco Racin"
Kumanovo, Art Gallery
1997 - Skopje, Cultural Information Center (KIC)
(exhibition on the occasion of the "Metodija Ivanovski-Mende" award)
1999 - Skopje, JAT Office
(humanitarian exhibition "For The Children of Yugoslavia", together with Lj. Bojarov and B. Radivojevik - Bojarov)
2002 - Belgrade, Gallery "Beograd"
Zrenjanin, Gallery "Duhovni Centar"
Banja Luka, Art Gallery ("1000 Kilometers Long Love")
2003 - Skopje, Museum of the City of Skopje

**GROUP EXHIBITIONS**

1991 - Skopje, Traditional exhibition of graduated students, Army Center Gallery
Skopje, 7th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
1992 - Skopje, New Generation of DLUM, DLUM Salon
Skopje, Painting exhibition, Club "Stefani"
Skopje, May Mosaic, Cultural Information Center
Skopje, 8th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
1993 - Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Skopje, 9th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
Skopje, Second Winter Salon, Art Gallery
1994 - Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
1995 - Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Skopje, 11th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
1996 - Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Skopje, 12th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
Skopje, Winter Salon, Art Gallery
Paris, 50th anniversary of the Association of Fine Art Artists of Macedonia
1997 - Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Skopje, 13th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
Skopje, Winter Salon, Art Gallery
1998 - Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Skopje, Winter Salon, Art Gallery
Skopje, 14th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
1999 - Skopje, Landscape, DLUM Gallery
Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
2000 - Skopje, Winter Salon, Museum of Contemporary Art
Skopje, 16th Small Scale Painting Exhibition, DLUM Gallery
Skopje, Small Scale, DLUM Gallery
Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
2001 - Skopje, Review Exhibition of DLUM, Museum of the City of Skopje
Skopje, Landscape, DLUM Gallery
Skopje, 17th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Varna, Rep. of Bulgaria, Gallery "Artea"
2002 - Skopje, Winter Salon, Museum of Contemporary Art
New York, USA, ON, Macedonian Contemporary Art
Skopje, 18th Small Scale Painting Exhibition, Cultural Information Center
Skopje, DLUM - Drawing, National University Library "Kliment Ohridski"
Skopje, Macedonian Small Scale Art, DLUM
Thessalonika, Rep. of Greece, 1st Balkan Forum of Contemporary Miniature Art 2002
2003 - Skopje, Macedonian and Ukrainian Artists, Cultural Information Center
Skopje, Landscape, DLUM Gallery

**AWARDS:**

1992 - Skopje, Award at the exhibition "The Woman - Symbol and Inspiration", Cultural Center "Koco Racin"
1995 - Skopje, "Konstantin Mazev" award for young artist, at the exhibition "Small Sale Painting", Cultural Information Center
1996 - Skopje, "Metodija Ivanovski - Mende" award at the exhibition "Small Scale Painting", Cultural Information Center
2001 - Skopje, "Nikola Martinoski" award for drawing at the exhibition "DLUM - Drawing",
National University Library "Kliment Ohridski"
2003 - Skopje, Award for painting at the exhibition "LANDSCAPE" - DLUM Gallery